**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул. „ АлександарМакедонски“ бр.70А Градско
тел: +389043251522 факс: +38943251856
gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 184/2
02.04. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на општина Градско (Службен Гласник на општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за пријавување на штети на земјоделски насади предизвикани од атмосферска непогода од ниски температури- мраз кои ја зафатија општина Градско на 20 Март 2025 година

Општина Градско ги повикува граѓаните кои имаат материјални штети на земјоделски насади предизвикани од од атмосферска непогода од ниски температури- мраз кои ја зафатија општина Градско на 20 Март 2025 година, да ја пријават штетата на своите насади во просториите на општина Градско на формулари кои ќе им бидат доставени од страна на општинската администрација.

Покрај барањето (формуларот) секој барател треба да достави:

- Копија од лична карта;
- Изјава за веродостојност на податоци;
- Изјава за согласност за користење на лични податоци;
- Трансакциска сметка;
- Доказ за основ на користење на земјиштето за насадите (Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од МЗШВ, Имотен лист, Договор за закуп).

Пријавувањето на штетите може да се изврши во периодот од 03.04.2025 година до 11.04.2025 година, секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот.

За сите дополнителни информации може да се обратите на:

- Роби Богески - Претседател на комисија за штети- 078 291 116

Градоначалник на
општина Градско
Киро Нацков